Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 01-262/1
25 02 2025 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВОД
# ОД ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ
# (01.03.2024 - 28.02.2025 ГОДИНА)

## ВОВЕД

Извештајот ги опфаќа активностите на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје остварени во периодот од 01.03.2024 година до 28.02.2025 година. Во овој период, факултетските активности беа, главно, насочени кон остварување на следните основни задачи и тоа: а) продолжено одржување на финансиската стабилност на Факултетот, со остварена редовност во плаќањата на факултетските обврски, како и создавање на услови за одржување на таквата стабилност во наредните години, со цел да се пресретне ризикот од евентуално идно намалување на сопствените приходи заради намалениот број на претходно запишани студенти и/или тековната економска криза во државата; б) одржување на трендот од последните две години на стабилизација на бројот на запишани студенти на трите циклуси на студии, присутен во претходниот период; в) натамошно унапредување на процесот на администрирање на студиите преку Службата за студентски прашања на Факултетот; г) спроведување на постапката по доставените елаборати за повторна акредитација на постојните и акредитација на нови (реформирани) студиски програми и тоа: четири студиски програми на втор циклус и една студиска програма на трет циклус на студии за кои акредитацијата е комплетно завршена и пет студиски програми на вториот циклус за кои постапката е во тек; д) натамошно интензивирање на меѓународната, научната и конференциска активност на Факултетот, вклучително преку одржување на меѓународни конференции и други собири, гостувања на реномирани странски предавачи и други гости, зголемена проектна активност и мобилност на студентите и наставниот кадар; ѓ) продолжување на напорите за вработување на нов наставен кадар (соработници во соработничко звање асистент) на Факултетот, според однапред утврдени принципи и критериуми за вработување на нов наставен кадар од ННС и на нов ненаставен кадар; е) поддршка и јакнење на оперативен Центар за кариера на студентите и стимулирање на работата на постојните и основање на нови центри на Факултетот; ж) формирање на Центри за правна клиничка едукација и реализација на проектни активности преку истите; и з) подобрување на факултетската инфраструктура.

Состојбата околу **финансиите** на Факултетот во извештајниот период продолжи да биде стабилна, со целосно запазена редовност во плаќањето на факултетските обврски кон вработените и надвор од Факултетот. Тоа се должеше, главно, на поголемиот обем на пренесени сопствени средства од 2023 во 2024 година (и претходно, од 2022 во 2023 година), во услови кога остварените сопствени приходи на сметката 788 во однос на претходната година забележаа пад од 8,23%, а, расходите - пад од 3,02%. Буџетскиот дел од приходите, пак, беше зголемен за 33,98%, што, заедно со приходите од самофинансирачки активности (и пренесеното салдо), приходите од закупнини како и проектните приходи, доведе до зголемување на вкупните приходи на Факултетот за 15,89%. Како резултат на севкупните финансиски активности и максималното штедење во текот на годината, 2024 година заврши со високо салдо кое се пренесува во 2025 година. Тоа ќе обезбеди натамошна финансиска стабилност на Факултетот преку амортизирање на ризикот од посериозно идно намалување на сопствените приходи во текот на 2025/2026 година (и понатаму), кое би можело да се појави како резултат од евентуалниот пад на новозапишани студенти (особено на вториот циклус на студии) и/или од екстерни фактори.

Споредено со претходната година, оваа година е забележан мал пораст од 8,8% кај **бројот на новозапишани студенти** на прviот циклус на студии. Пад на бројот на запишани студенти е присутен кај студиите по новинарство. Зголемување на бројот на запишани студенти има на сите останати студиски програми, што покажува стабилизација на овие бројки на краток рок. Од друга страна, на вториот циклус на студии во октомврискиот уписен рок се запишаа вкупно 107 студенти, односно за 12 студенти помалку, што во проценти покажува пад од 17,05% во однос на минатата година, што пак веројатно е резултат на намалената проодност на студентите на студиите од првиот циклус на студии. Во секој случај и понатаму е потребна особена внимателност околу уписите кај овие студии на среден рок, со оглед на фактот дека приходите од овие студии учествуваат со 37,84% во генерирањето на сопствените приходи на Факултетот. Во времето на подготвување на овој Извештај, во тек е вториот уписен рок на втор циклус на студии, така што, конечната состојба со уписите на овие студии останува да се согледа по завршувањето на вториот уписен рок. Континуирано се ажурира и осовременува **web-страната** на Факултетот, **ре-активирани се профилите на Facebook, Instagram и LinkedIn** со што е зголемено присуството и видливоста на Факултетот и факултетските активностите на социјалните мрежи, со што се

очекува подобра информираност на потенцијалните (се разбира и постојни) студенти и зголемена видливост на Факултетот.

Во рамките на извештајниот период успешно се реализираа **проектни активности** во рамките на започнатите проекти: Preparing for EU Accession: The Future of the Western Balkan, „Колективно преговарање за мобилните работници во Европа под влијание на Ковид-19 - случаи на погранични, сезонски и мигранти работници (MOBILEurope), "Integration of Environmental Justice in High Education", дел од пошироката програма - UNDP's Global Programme on Strengthening the Rule of Law, Human Rights, Justice, and Security for Sustainable Peace and Development, „Empowering Future Journalists: Advancing Media Education and Fostering Innovation in North Macedonia" и INVIGORATEU проектот на Хоризонт програма. Подготвени проектни апликации за добиени проекти ќе почнат да се реализираат во текот на 2025 година: „Меѓународна програма за мобилност - Проценка на влијанието на уставни кризи и безбедност" и HARTech – Human Rights and Technology: Bridging the Gap with AI- Applications.

Во извештајниот период, продолжи работата врз натамошно **унапредување на процесот на администрирање на студиите** преку службата за студентски прашања според Правилата за студирање на Факултетот. Во тие рамки, се зајакна централната координација на закажувањето и одржувањето на одбраните на бројните магистерски и докторски студии, системот кај службата за студентски прашања за контрола на исполнетоста на условите за пријавување и одбрана на докторските и магистерски трудови и системот за изработка на податоци за тековно издавање на дипломите на дипломираните и магистрирани студенти. Преземени беа и дополнителни мерки за зголемување на ефикасноста на процесот на издавање на уверенија на студентите, а во завршна фаза е организирањето на свечено доделување на дипломи за завршен прв и втор циклус на студии.

Во овој период делумно се реализираа и најавите на УКИМ за воведување на **модел за електронско извршување на плаќањата**. Во таа смисла беше извршена унификација на износот на трошоците кои ги плаќаат студентите. Правниот факултет го следи овој процес, па така и на нашите студенти им е овозможено плаќање преку i-know системот. Ваквата практика е несомнено олеснување на пристапноста за студентите, но и поефикасна евиденција на извршените плаќања. Напоменуваме дека овој процес не е конечен и се очекува понатамошно осовременување и отстранување на евентуалните недостатоци во наредниот период. Електронските плаќања и увидот во плаќањата ѝ овозможува на службата за студентски прашања едноставна проверка на статусот на студентите, со што започнат е и процес на пријавување на испитите по електронски пат (пријавите во хартиена форма се доставуваат до предметниот професор на денот на испитот).

Во овој извештаен период се доврши процесот на **реакредитација или акредитација на студиските програми** и тоа четири студиски програми на вториот и една студиска програма на третиот циклус на студии. Во моментов доставени се предлози за акредитација на пет студиски програми на вториот циклус на студии.

На планот на **практичната настава и едукацијата на студентите**, продолжија активностите во рамките на Правната клиника за бегалци организирана од Меѓународниот центар за право на бегалците и миграција, Центарот за клиничка едукација по казнено право, Центарот за правна клиничка едукација по студентска дебата, Центарот за истражување на холокаустот, антисемитизмот и масовните злосторства (ЦИХА), Центарот за правна клиничка едукација по трудово право и социјално право и Центарот по реторика и правна аргументација – „Иво Пухан", и ново формираните - Центарот за правна клиничка едукација-Центар за климатска акција и одржлив развој и Центарот за иновации во медиумите. Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје оствари интензивна активност на седум различни групи на активности, вклучувајќи четири работилници за кариерен развој и јакнење на практични вештини, организирани од Центарот, обезбедување на практикантска работа и мобилност на студентите во низа државни институции, компании од деловниот сектор и организации од невладиниот сектор, организација на неконвенционални настани (јустинијанови приказни, политиколошко кино, „Со утринско кафе ги анализираме и дебатираме резултатите од претседателските избори во САД"), креирање на база на податоци за студентите и за факултетските алумни, низа соработки и интензивирање на комуникацијата со алумни заедницата, со државни институции, домашни и меѓународни владини и невладини организации, адвокатски друштва, нотари, извршители и др., како и организација на Отворен ден и Кариерен ден на Правниот факултет во рамки на Отворениот ден на УКИМ.

И оваа година, студентските тимови од Факултетот остварија забележително учество на **moot-court натпреварите** Philip Jessup и Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot. **Ораторската вечер „Иво Пухан“** беше одржана по 27ми пат.

Во текот на месец мај 2024 година се спроведоа успешни избори за претседател на **Факултетското студентско собрание**, а во текот на месец декември 2024 година, се спроведоа избори за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ со мандатен период од една година.

Во извештајниот период, интензивирана беше **меѓународната, научната, конференциска и слична активност** на Факултетот, насочена кон негово поголемо отворање, особено, на меѓународен план. На 21 октомври 2024 година, се одржа меѓународна online конференција на тема „Techologu transfer and investment law“. Конференцијата е резултат на заедничка организација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, УКИМ и Department of Business Law, Faculty of Economic and Social Sciences of the Budapest University of Technology and Economics, Budapest, Hungary; Department of Law, Faculty of Law & Management, University of Mauritius, Mauritius; Department of Private International Law, Faculty of Law, University of Szeged, Szeged, Hungary; Faculty of Law and Business Studies Dr Lazar Vrkatić, Novi Sad, Serbia; Faculty of Law, Ankara Yıldırım Beyazıt University, Ankara, Turkey; Faculty of Law, Yozgat Bozok University, Yozgat, Turkey. Меѓународната годишна научна конференција, која веќе традиционално се одржува на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, посветена на тема "Challenges of Legal Systems," беше одржана во хибриден формат, во живо и со примена на видео конференциска врска (zoom), на 8 ноември 2024 година, со учество на 66 учесници од земјата и од странство. На истиот датум се одбележа и денот на основањето на Правниот факултет со големо присуство. На 10 декември одбележан е Меѓународниот ден на човековите права со говорник од Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права при Обединетите Нации во Скопје. На Правниот факултет во извештајниот период одржани се 43 настани: посета на амбасадори, трибини и обуки, гостувања на реномирани странски професори и други истакнати гости, со предавање или други форми на обраќање кон професорите и/или студентите, вклучително и повеќе предавања на странски и домашни предавачи.

Во текот на извештајниот период, беше продолжена работата во рамките на мрежата CEEPUS и другите мрежи во кои што членува Факултетот, ЕЛФА, ТЕПСА, Ротердамската мрежа. Во тие рамки (но и надвор од нив) се одвиваше **меѓународна проектна активност** на Факултетот. Истовремено, се работеше и на подготовка на повеќе апликации за проекти во рамки на различни програми и фондови.

**Мобилноста** на студентите и на наставниците во изминатата година се одвиваше на нешто поинтензивно, но, сѐ уште, скромно ниво. Во извештајниот период, во рамки на програмата ERAZMUS+, од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, реализирани се два конкурси. На конкурсот за студентска мобилност, пристигна вкупно 4 пријави на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. По нивното разгледување истите се прифатени и следните студентки летниот семестар го поминаа на партнерските универзитети: Ана Станчевска (Универзитет во Павиа), Цонка Тасева (Универзитет во Павиа) и Јана Стојановска (Универзитет во Ријека). Исто така, асс. м-р Теа Мицевска реализираше Еразмус+ мобилност на Универзитетот во Марибор. На конкурсот за академска мобилност, пристигна две пријави од стана на проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска и проф. д-р Јован Зафироски. Во периодот помеѓу 15 февруари до 30 јуни 2024 година, студентката Каја Лебан од Универзитетот во Љубљана оствари студентска размена преку програмата Еразмус+. За време на летниот семестар, студентката посетуваше настава и полагаше испити на вториот циклус студии по меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на ЕУ. Во периодот од 14-18.10.2024 година, преку Erasmus Staff Training Mobility, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, УКИМ, престој остварија професорите: Gabriel Eštok, Peter Dubóczi и Tomáš Dvorský од Department of Political Science, Faculty of Arts, Pavol Jozef Safarik University in Kosice, Slovakia. Во периодот од 04-08.11.2024 година, преку Erasmus Staff Teaching Mobility, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, УКИМ, престој оствари проф. д-р Биљана Чинчурак Ерцег од Правниот факултет при Универзитетот во Осијек. Преку електронската платформа, склучени и обновени се Еразмус+ договори со Универзитетот во Гренада, Шпанија, Универзитетот во Белград, Универзитетот Дизбург-Есен, Германија, Универзитетот во Љубљана, Словенија, Univerzita Pavla Jozefa Safarika v Kosiciach, Uniwersytet w Bialymstoku, Полска, Nicolae Titulescu University of Bucharest, Универзитетот во Осиек, Хрватска, Универзитетот во Ријека, Хрватска, Nova Univerza, European Faculty of Law, Словенија и Zapadoceska Univerzita v Plzni Fakulta Filozofická, Чешка. Работата на CEEPUS – мрежата за биоетика и соодветно на Правниот факултет „Јустинијан Први“ како партнер факултет од Универзитетот „Св. Кирил

и Методиј“ во Скопје, оваа година вклучуваше реализација на мобилност на наставен кадар, како и повеќе онлајн состаноци за координирање на активностите и повторната апликација за продолжување на проектот во следните години и планирање на заеднички студии на трет циклус.

Во рамки на **издавачката дејност**, годинава, беше објавен и промовиран Годишник во чест на проф. д-р Светомир Шкариќ, а електронското списание Iustinianus Primis Law Review, во текот на академската 2024/2025 година излезе со три нови броеви, со можност за пребарување на списанието во датотеките на библиотеката EBSCO и Heinonline. Постапката на евалуација на списанието од научноистражувачката платформа на SCOPUS и Web of Science е сѐ уште во тек.

Во текот на извештајниот период, беа потпишани осум нови **меморандуми за соработка**. Два се билатерални-меѓународни со Волтер Кронкајт школото за новинарство и масовни комуникации при Државниот универзитет во Аризона и со Правниот факултет при Универзитетот во Ријека, а шест се со домашни институции (додадени кон повеќе од 40-ната претходно склучени меморандуми), и тоа, со: Управата за Финансиска полиција, Финансиско друштво ФИНМАК ДОО Скопје, Уставен суд на РСМ, Еколошко здружение на граѓани ФРОНТ 21/42, Врховниот суд на РСМ и со Секретаријатот за законодавство на Владата на РСМ.

На планот на **нови вработувања**, во текот на 2024 година, до надлежните министерства беа упатени барања за согласност за вработување на повеќе лица во Стручната и административна служба и помошно-технички лица, согласно Годишниот план за вработување на ненаставен кадар за 2024 година. За жал, бараните согласности не беа добиени од надлежните министерства, што загрижува, со оглед на сериозниот дефицит со таков кадар на Факултетот.

Во текот на извештајниот период беа остварени неколку зафати насочени кон подобрување на **факултетската инфраструктура.** Помеѓу нив, како најобемен зафат, саниран беше делот од дотраената кровна покривка околу како трета фаза од санацијата, целосно финансирана (преку УКИМ) од државни буџетски средства. Со натамошната – четврта фаза од санацијата ќе се продолжи во текот на 2025 година, за што веќе се побарани буџетски средства. Од помалите зафати, реконструирана беше предавалната за новинарското студио која беше целосно ставена во употреба во 2024 година. Исто така беа обезбедени финансиски средства со кои се набавија службени лап топови за вработените на Факултетот.

Погорните и други факултетски активности остварени во текот на извештајниот период се детално изложени во продолжение на Извештајот. Текстот на Извештајот е изготвен според воспоставената методологија и структура, што овозможува да се вршат соодветни споредувања со претходни извештајни периоди.

- **Акредитирани нови студиски програми**

Во извештајниот период на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се акредитирани студиски програми од вториот циклус на студии и тоа: ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ: 1) Применета и компаративна политика (едногодишни студии, на македонски јазик); 2) Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции (едногодишни студии, на македонски јазик); 3) Медиуми и односи со јавност (едногодишни студии); 4) Меѓународни јавно право, право на Европската Унија и дипломатија (едногодишни студии) ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ: 1) Право на информатичка технологија.

Во тек е постапка за акредитација на студиските програми на ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ и тоа: 1) Меѓународно приватно право (едногодишни студии и двегодишни студии) – *акредитација*; 2) Меѓународно јавно право, меѓународни односи и право на Европска Унија (двегодишни студии) – *акредитација*; 3) Корпоративно право (едногодишни студии) – *акредитација*; 4) Корпоративно право (двегодишни студии) – *повторна акредитација.*

- **Тек на наставно-образовниот процес**

Во учебната 2024/2025 година се организираше настава на Правниот факултет и тоа на прв циклус на студии (прва, втора и трета година) и на втор циклус на студии (прва и втора година). Со Правилата за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје се подобрува режимот на студирање преку следењето на оптовареноста на студентите, односно се претпочита нивна рамномерна оптовареност низ семестрите, со што се очекува зголемување на нивната успешност (согласно Правилникот на УКИМ).

Во наставно-образовниот процес на Факултетот вклучени се вкупно 61 наставник со полно работно време, како и 6 наставници на кои им мирува работниот однос поради вршење на јавна функција, 1 наставник на кој му мирува работниот однос поради научно усовршување во странство и 3 соработници во соработничко звање – асистент. Наставата во академската 2024/2025 година (зимски и

летен семестар) се изведува според одлуката за распоред на работните задачи и распоредите за настава и тоа на правни студии: прва година 3 паралелки, втора година 2 паралелки и трета година 2 паралелки; политички студии (на македонски и на англиски јазик): во сите три години по една паралелка; студии по новинарство: во сите три години по една паралелка; односи со јавност: во сите три години по една паралелка. Наставата во прва и втора година (втор циклус на студии) се спроведува според распоредот за предавања доставен од колегиумите на втор циклус на студии.

- **Уписи на студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии**

***Уписи на прв циклус студии во учебната 2024/2025 година***

Со Одлука на Наставно-научниот совет формирана е Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за учебната 2024/2025 година во состав: проф. д-р Есин Кранли - Бајрам (претседател), проф. д-р Драган Гоцевски, проф. д-р Јелена Трајковска – Христовска, асс. м-р Теа Лалевска, асс. м-р Катерина Жатева, асс. м-р Константин Битраков и асс. м-р Теа Мицевска.

Може да се заклучи дека во трите уписни рока се запишаа вкупно 281 студент на сите студиски програми. Споредено со минатата година, интересно, забележан е пораст од 8,8% на бројот на запишани студенти на петте студиски програми. Оваа година во мали апсолутни бројки ги надминуваме минатогодишните и предминатогодишните уписи за 23, односно 3 студенти. Сумарно, порастот е видлив најмногу на правните студии и политичките студии на англиски јазик, па во таа смисла годинава се запишале најмногу студенти во однос на изминатите три години. Пораст во однос на минатата година има на студиите по односи со јавноста и на политичките студии, но за жал, пад бележиме на студиите по новинарство во сите изминати четири години. Од друга страна, пак, радува фактот дека надминатиот јаз од само 184 запишани студенти во академската 2020/2021 година, и оваа година е надминат повеќе од минатата година. Односно, со задоволство може да констатираме дека на правните студии го задржуваме трендот на благо зголемување на запишани студенти. Ова нè води кон заклучокот дека, практично тоа е бројката на студенти кои изминативе години ги избираат правните студии како нивен избор за студирање.

***Уписи на втор циклус студии во учебната 2024/2025 година***

Врз основа на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за учебната 2024/2025 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје студентите можеа да се запишуваат на студиите од вториот циклус од областа на правните студии, политичките студии, студиите по новинарство и односи со јавност.

Се пријавија и се запишаа вкупно 107 кандидати на сите студиски програми[1], што претставува, практично идентична состојба со минатата година, односно пад од само 1 студент во однос на уписите во првиот уписен рок на вториот циклус на студии за минатата година, кога вкупно беа запишани 130 студенти.

Што се однесува до податоците за вториот уписен рок (втор циклус студии) во учебната 2023/2024 година, се пријавиле и се запишале вкупно 51 студент. Податоците за вториот уписен рок на втор циклус студии во учебната 2023/2024 година се дел од овој извештаен период за работата на Факултетот, со оглед на фактот што запишувањето на студентите се одвиваше на 20 и 21 февруари 2024 година.

***Уписи на трет циклус студии – докторски студии во учебната 2024/2025 година***

Во учебната 2024/2025 година беше распишан Конкурс за упис на студенти на трет циклус студии (докторски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во првиот и вториот уписен рок, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на трет циклус студии (докторски студии) се запишаа 12 (дванаесет) студенти на студиските програми на правни науки, 3 (тројца) студенти на студиските програми на политички науки и 0 (нула) студенти на студиската програма јавна администрација.

- **Практична настава и континуирана едукација**

Практичната настава во извештајниот период се одвиваше преку Центрите за правна клиничка едукација. Во извештајната година, покрај постојните центри за правна клиничка едукација - Правната клиника за бегалци организирана од Меѓународниот центар за право на бегалците и миграција, Центарот за клиничка едукација по казнено право, Центарот за правна клиничка едукација по студентска дебата,

---

[1] Бројот на запишани студенти е според податоци од првиот уписен рок. Вториот уписен рок на втор циклус на студии завршува на 14.02.2025 година, а запишувањето на новопримените студенти е на 20 и 21 февруари 2025 година.

Центарот за истражување на холокаустот, антисемитизмот и масовните злосторства (ЦИХА), Центарот за правна клиничка едукација по трудово право и социјално право и Центарот по реторика и правна аргументација – „Иво Пухан“, беа основани и Центарот за правна клиничка едукација - Центар за климатска акција и одржлив развој и Центарот за иновации во медиумите.

***Центар за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје***

Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје се основа на седницата на Наставно-научниот совет одржана на 28.2.2023 година како партнерски проект со Здружението за млади правници во Скопје, а со финансиска поддршка на Амбасадата на Кралството Холандија. Во периодот кој е предмет на овој Годишен извештај, Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) организираше и реализираше низа активности со цел остварување на целите и задачите за кои е формиран Центарот, и тоа: *(1) Четири работилници за кариерен развој и јакнење на практични вештини* со цел стимулирање на развојот на практичните знаења и вештини на студентите, подобрување на нивните комуникациски и презентациски вештини и останати стручни квалификации. *(2) Обезбедување на практикантска работа и мобилност на студентите во низа државни институции, компании од деловниот сектор и организации од невладиниот сектор*, меѓу кои Собранието на РСМ, Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии, Царинската управа, Народната банка на РСМ, Основен суд Велес, Граѓанскиот суд во Скопје, Академијата за судии и јавни обвинители, Извршителска Канцеларија Крум Коцарев, Извршителска Канцеларија Моника Муча, Извршителска Канцеларија Зорица Симиќ, „ШПАРКАСЕ БАНКА", Стокомак, Македонско здружение на млади правници, Коалиција сите за правично судење. *(3) Организација на неконвенционални настани,* со цел доближување на алумни заедницата со студентите на Факултетот *Јустинијанови приказни*, *Политиколошко кино*, *„Со утринско кафе ги анализираме и дебатираме резултатите од претседателските избори во САД". (4) Креирање на База на податоци за студенти и База на податоци за алумни (5) Остварување соработки и интезивирање на комуникацијата со алумни заедницата, со државни институции, домашни и меѓународни владини и невладини организации, адвокатски друштва, нотари, извршители како и нивните комори, трговските друштва и стопанските комори, како и другите домашни и меѓународни субјекти*. При остварените средби ги информиравме подетално за програмите на Правниот факултет во насока на планирање на практикантска работа наменета за студентите на Правниот факултет. *(6) Организација на Отворен ден и Кариерен ден на Правниот факултет*, во рамки на Отворениот ден на УКИМ. *(7) Соработка со средните училишта во Република Северна Македонија* преку промовирање на Факултетот и запознавање на учениците со студиските програми и активностите на Правниот факултет.

***Центар за правна клиничка едукација – Центар за право на бегалци и миграција***

Во текот на 2024 година, односно летниот семестар од академската 2023/2024 година и зимскиот семестар од академската 2024/2025 година, Центарот за право на бегалци и миграција при Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје спроведе низа проекти, активности и настани во рамки на своето работење. **Летен семестар 2024 година (Март - Април)** Отворањето на Правната клиника за право на бегалци и миграција се одржа на 5 март 2024 година. Активностите на Правната клиника за право на бегалци и миграција во текот на летниот семестар ја следеа и успешно ја завршија 7 студенти, од кои 5 студенти се на прв циклус на студии - правни и политички студии и 2 студенти на втор циклус на студии. Покрај предавањата на менторскиот тим, свои презентации одржаа стратешките партнери од Претставништвото на УНХЦР во Република Северна Македонија на темите: 1. Мандат на УНХЦР и 2. Бездржавјанство. Претставници од Македонското Здружение на Млади Правници (МЗМП) одржаа презентации на теми поврзани со праксата: 1. Интеграција на лицата под меѓународна заштита во Република Северна Македонија и 2. Постапка за азил во РСМ. Претставници од Секторот за азил при Министерството за внатрешни работи одржаа презентација за законодавството на РСМ за постапката на азил. Во летниот семестар 2023 година, како меѓународен гостин, предавање одржа Prof. Dr. Nikolaos Xypolytas на тема “Refugees and Migrants: Political and Ideological Foundations of Scientific Terminology”. Предавач од домашната пракса беше адвокатот Александар Гоџо од адвокатското друштво Гоџо, Кичеец и Новаковски, кој го презентираше практичниот аспект на застапување на бегалците пред судовите, особено низ случаите пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур. **Одбележување на Светскиот ден на бегалците - 19 јуни** По повод светскиот ден на бегалците, на 18 јуни, Правниот факултет во партнерство со УНХЦР Скопје, организираше значаен настан во рамките на кој беа - промоцијата на новата генерација на алумни од Правната клиника за бегалци и академската тркалезна маса со учество на деканот и претставници од Секторот за азил, Министерството за труд и социјална политика, граѓанските

организации (МЗМП, Отворена Порта – La Strada ) и УНХЦР.**<u>Јавно предавање и настан на тема: Балканска рута, невидливи простори и биополитика</u>** Центарот за право на бегалци и миграција при Правниот факултет во соработка со Универзитетот во Болоња, а поддржан од УНХЦР-Скопје, го организираше настанот: Контра-мапирање на неформални движења, миграција и Балканската рута кој се одржа на 27 септември 2024 година. Во рамките на настанот беше одржано Јавно предавање на проф. д-р Клаудио Минка, Универзитет во Болоња Alma Mater Studiorum на тема: „Балканска рута, невидливи простори и биополитика". **<u>Зимски семестар 2024 година (Ноември - Декември)</u>** Активностите на Правната клиника за право на бегалци започнаа од 19 ноември 2024 година. Активностите на Правната клиника за право на бегалци во текот на зимскиот семестар ја следеа и успешно ја завршуваат 17 студенти од кои 12 студенти од прв циклус и 5 студенти од втор циклус. 17 студенти се од Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје и еден студент од Економскиот факултет во Скопје. Покрај предавањата на менторскиот тим, свои презентации одржаа стратешките партнери од Претставништвото на УНХЦР во Република Северна Македонија на темите: 1.Мандат на УНХЦР и 2.Бездржавјанство. Претставници од Секторот за азил при Министерството за внатрешни работи одржаа презентација за меѓународната заштита предвидена во домашното законодавство и ЕУ стандардите, преку практични примери. Претставници од Македонското Здружение на Млади Правници (МЗМП) одржаа презентации на теми поврзани со праксата: 1. Постапката за азил во Република Северна Македонија и практични примери и 2. Интеграција на лицата под меѓународна заштита во Република Северна Македонија - предизвици и практики. За зимскиот семестар 2024 година како меѓународен гостин предавање одржа проф. д-р Prof. Dr. Nikolaos Xypolytas на тема "Refugees and Migrants: Political and Ideological Foundations of Scientific Terminology".**<u>Летна школа за права на бегалци и миграција 2024 година</u>** Центарот за право на бегалци и миграција при Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во соработка со Претставништвото на УНХЦР во Северна Македонија, во периодот од 16 до 20 септември 2024 година одржа Летна школа за права на бегалци и миграција со посебен фокус на темата: „Меѓународното право за бегалци и заштита на лицата без државјанство: граници, националност и перспективи од глобалниот југ" ("International Refugee Law and the Protection of Stateless People: Borders, Nationality, and Perspectives from the Global South"). Отворениот повик за Летната школа почна на 27 јули 2024 година и траеше до 1 септември 2024 година. Во текот на отворениот повик се пријавија 110 апликанти од 35 земји од целиот свет меѓу кои: Италија, Северна Македонија, Грција, Косово, Иран, Полска, Индија, Србија, Нигерија, Албанија, Авганистан, Шпанија, Бангладеш, Сирија, Бразил, Украина, Португалија, Либан, Камерун, Турција, Тунис, Сомалија, Јужен Судан, Романија, Пакистан, Непал, Гвинеја, Боливија, Замбија, Узбекистан, Сиера Леоне, Етиопија, Кенија и Венецуела. Од вкупниот број на апликанти можност да присуствуваат на Летната школа добија 52 студенти од 24 држави. Од избраните 52 учесника, 81% се жени и 19% се мажи. Во однос на нивните студии, најголем број од избраните учесници се додипломци (24%) и студенти на магистерски студии (62%). Дополнително 6% од избраните учесници се докторанти. Одлуката по апликацијата беше испратена на 2 септември 2024 година до сите апликанти. На 19 септември 2024 година, официјално се отвори Летната школа, кој започна со воведен говор од проф. д-р Сашо Георгиевски, декан на Правниот факултет „Јустинијан Први", проф. д-р Елена Михајлова Стратилати, раководител на Центарот за права на бегалци и миграција и Gabriel De Godoy, претставник на UNHCR во Северна Македонија. Летната школа успешно ја заврши 44 учесници, со што се здобија со сертификат. Меѓународниот карактер на Летната школа беше поткрепена со голем спектар на предавачи од областа на правото на бегалци и миграција. Во текот на Летната школа учесниците имаа можност да учествуваат во 13 задолжителни сесии и 2 опциони сесии, одржани од 15 академици и практичари од областа.

***<u>Центар за правна клиничка едукација по казнено право</u>***

Во периодот април – декември 2024 година, во активностите на Клиниката учествувале 50 студенти и беа реализирани следниве активности: **1)** Континуирана теоретска и практична обука од страна на менторите во Правната клиника по казнено право и адвокатите Дељо Кадиев и Дејан Кадиев наменети за студентите од областа на кривичната постапка во делот од ЗКП што се однесува на подготовка на обвинителен акт и приговор на обвинителен акт, унапредување на вештините за составување на воведни и завршни говори, како и вештините за директно и вкрстено испитување. Обуките се спроведуваа преку обработка на хипотетски сценарија прилагодени од реални случаи, а потоа и преку работа на веќе завршен анонимизиран кривичен предмет; **2)** Спроведена една симулација на судење (mock trial) како завршен настан за студентите во текот на летниот семестар; **3)** Давање на секундарна правна помош на 8 (осум) судски предмети, од кои 4 (четири) се правосилно завршени, а

останатите предмети се сè уште активни; **4)** Следење на судски расправи во Основниот кривичен суд во Скопје на неделно ниво во периодот од февруари до декември 2024 година; **5)** Спроведен е тренинг за антикорупција и подогање на вештините за откривање на онлајн измамите, во соработка со ЕУ Твининг Проектот за владеење на правото во Република Северна Македонија; **6)** Спроведени се 2 предавања од гости предавачи обезбедени од Амбасадата на САД на актуелни теми поврзани со кривичното право; **7)** Спроведен е тренинг на тема Антикорупција и полово базирано насилство, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, по што учесниците на тренингот учествуваа на национален натпревар во пишување на есеи. На овој натпревар во конкуренција од 30-тина студенти од сите правни факултети во нашата држава, второто место го освои нашата студентка Симона Стојановска; и **8)** Студентите од оваа Правна клиника учествуваа и на Летната школа по Природно право во организација на Центарот за стратегиски истражувања во МАНУ.

***Центар за правна клиничка едукација по трудово право и социјално право***

Во текот на 2024 година во рамките на Центарот за клиничка едукација по трудово и социјално право беа остварени низа на активности: **1)** Студенти беа на посета на фокус група за проектот „Колективно преговарање за мобилните работници во Европа под влијание на Ковид-19 - случаи на погранични, сезонски и мигранти работници (MOBILEurope)“; **2)** Студенти беа на посета на настан организиран од страна на Конфедерацијата на слободни синдикати „Зајакнување на родовата еднаквост и справување со вознемирувањето на работното место“; **3)** Организиран е настан (кружна маса) „Практикување на социјалниот дијалог во Македонија – состојби и предизвици“, организиран на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје; **4)** Остварена е посета на претседателот на МОТ во Македонија, г. Емил Крстановски на предавањата по трудово право; **5)** Организирано е предавање – Клучот на успехот (за одредена група на активни студенти); **6)** Организирана е работилница „Вработување и развој на HR во работен однос“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“; **7)** Студенти беа на посета на Обука за пристојна работа за жени работнички; **8)** Остварена е посета на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација; **9)** Студенти беа на посета на Конференција „Предизвиците на новото работно законодавство и безбедноста и здравје при работа“; **10)** Организиран е настан „Младите во активизам“ (посета од околу 200 средношколци од повеќе средни училишта од Скопје) на Правниот факултет „Јустинијан Први“; **11)** Организирана е работилница – изработка на правни акти под менторство на адвокати, а оценувани од страна на судии, на Правниот факултет „Јустинијан Први“; **12)** Студенти беа на посета на фокус групи за проектот CERP; **13)** Организирана е Тркалезна маса - „Мирното решавање на работните спорови - перспективи и предизвици“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

***Центар за правна клиничка едукација по реторика и правна аргументација „Иво Пухан“***

Членовите на Катедрата по римско право, почнувајќи од ноември 2024 година ја подготвија и реализираа и дваесет и седмата Ораторска вечер „Иво Пухан“. Во текот на подготовките на пријавените студенти им беа одржани повеќе работилници во насока на подобрување на нивните говорнички вештини.

***Центар за истражување на холокаустот, антисемитизмот и масовните злосторства - ЦИХА***

Центарот за истражување на холокаустот, антисемитизмот и масовните злосторства – ЦИХА е основан со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ од 26 јануари 2024 година. Во текот на оваа календарска година беа реализирани повеќе активности и тоа: **Реализирани курсеви за изучување на холокаустот** Во рамки на склучениот Договор за соработка со Conference on Jewish Material Claims Against Germany (Claims conference) New York – Конференција за еврејските материјални побарувања од Германија, Њујорк во учебната 2023/24 година и 2024/25 година беа реализирани 6 едносеместрални курсеви во областа на холокаустот. Во текот на летниот семестар во учебната 2023/24 година беа реализирани три нови курсеви (Холокаустот и меѓународната дипломатија, Холокаустот и меѓународната правда, Антисемитизмот, холокаустот и човековите права) кои ги предаваа проф. д-р Мишо Докмановиќ, проф. д-р Александра Груевска – Дракулевски и проф. д-р Елена Михајлова – Стратилати. Во рамките на зимскиот семестар на учебната 2024/25 година беа реализирани курсевите: „Вовед во холокаустот“, „Холокаустот низ правните документи“ и „Финалното решение на македонските Евреи“ кои ги предаваше проф. д-р Мишо Докмановиќ. Вкупно 53 студенти ги завршија курсевите во текот на летниот семестар во учебната 2023/24 година. На 21 мај 2024 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ се одржа свечено доделување на сертификатите за завршените универзитетски курсеви во летниот семестар за изучување на холокаустот. Вкупно 49 студенти ги завршија курсевите во текот на зимскиот семестар во учебната 2024/25 година. Свеченото доделување на

сертификати се одржа на крајот на јануари 2025 година. **Настани** Во рамките на останатите активности на програмата, на 13 март 2024 година во Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија се одржа проекција и дискусија за документарниот филм „Наследството на Фриц Бауер“. На 25 април 2024 година беше организиран јавен настан на тема „Споделување на приказните – Зачувување на меморијата“ (сведоштва од Холокаустот) кој го водеа студентите од Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје кои го следеа курсот по Антисемитизам, Холокауст и човекови права кој го предава проф. д-р Елена Михајлова Стратилати. На 5 декември 2024 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ гостин-предавач беше м-р Жаклина Мучева, раководител на Секторот за образование на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија која одржа предавање на тема „Секојдневниот живот на македонските Евреи пред и за време на холокаустот“. **Студиски патувања и учества на конференции** Во текот на јуни 2024 година проф. д-р Мишо Докмановиќ оствари студиски престој на Универзитетот во Конектикат, САД, со цел понатамошно унапредување на содржината на курсевите на Универзитетската програма за изучување на холокаустот. Во периодот од 7-11 јули 2024 година проф. д-р Мишо Докмановиќ и проф. д-р Александра Груевска Дракулевски остварија студиска посета на ПОЛИН – Музејот на историјата на полските Евреи во Варшава. Во рамките на патувањето беше реализирана и посета на кампот на смртта Треблинка каде професорите оддадоа почит на 7144 македонски Евреи, кои во март 1943 година беа депортирани од пронацистичката влада на Бугарија и подоцна убиени во овој камп. На покана на Владата на Романија и американскиот Стејт департман во периодот од 28-29 октомври 2024 година проф. д-р Мишо Докмановиќ учествуваше на меѓународната конференција „Conference on Holocaust Distortion and Education – Current and Emerging Challenges – National Measures in Place“ во Букурешт, Романија. Исто така, проф. д-р Мишо Докмановиќ учествуваше на редовната Годишна конференција на Меѓународната алијанса за изучување на холокаустот која се одржа во декември 2024 година во Лондон, Обединетото кралство. **Продолжување на соработката со Клејмс конференс-Њујорк** Договорот за соработка со Conference on Jewish Material Claims Against Germany (Claims conference) New York – Конференција за еврејските материјални побарувања од Германија, Њујорк беше продолжен и во учебната 2024/25 година.

***Центар за правна клиничка едукација по студентска дебата***

Центарот за правна клиничка едукација по студентска дебата во календарската 2024 година ги оствари сите предвидени активности утврдени во Годишната програма на Центарот, и тоа: **1)** Креирање знаци на Центарот - во февруари 2024 година беше изработено логото на Центарот, како важен елемент од визуелниот идентитет на Центарот. **2)** Креирање на профили на социјални мрежи - во 2024 година беа направени и публикувани профили на социјалните мрежи (Фејсбук и Инстаграм) за промоција на активностите на центарот. **3)** Одржување на профили на социјални мрежи - во изминатата година профилите на Центарот редовно со ажурираа со објавување информации за активностите на Центарот. **4)** Потпишување меморандум за соработка со МОФ - во јануари 2024 година беше потпишан меморандум за соработка со Младинскиот образовен форум. **5)** Регрутација на студенти - Обуките на Центарот за студентска дебата беа презентирани пред сите студенти на Правниот факултет. **6)** Дебатен клуб - Почетни обуки за дебата за студенти - во периодот од февруари – март и октомври – декември 2024 година, во два наврати беа организирани почетни обуки за британска парламентарна дебата. Низ обуките поминаа повеќе од 60 студенти од Правниот факултет, но истите ги следеа и повеќе од 30 студенти од другите единици на УКИМ. **7)** Организација на дебатни турнири - во 2024 година беа организирани 2 дебатни турнири, во март и во декември. На дебатниот турнир во март земаа учество стотина учесници (дебатери), додека во декемврискиот турнир учествуваа 60-тина учесници од УКИМ. **8)** Јавни дебати - Центарот во соработка со своите партнери организираше и 3 јавни дебати наменети за студенти. **9)** Дебатен клуб - напредна обука за дебата - студентите кои успешно ја завршија почетната обука за дебата во летниот семестар во 2024 година, беа поканети да продолжат да ги усовршуваат своите вештини и да се зачленат во напредната група. Во неа членуваат 20 дебатери и судии по дебата. **10)** Креирање база на потенцијални партнери и донатори - беше креирана база на соработници и потенцијални донатори на Центарот. Од страна на Центарот беа организирани и дополнителни активности и тоа: **1)** Раководителот на Центарот учествуваше во обука за тренери по британска парламентарна дебата организирана од страна на МОФ во својство на предавач. **2)** На 26 март 2024 година беше организирана Тркалезна маса и промоција на прирачник на тема „Дебатата во високото образование“, на која земаа учество проф. д-р Катерина Шапкова Коцевска, во улога на автор и промотор на прирачникот за студентска дебата „Отвори го умот за нови перспективи“ и проф. д-р Марко Кртолица и Анастасија Тофоска, членови на Управниот одбор на Центарот за студентска дебата, во улога на панелисти на Тркалезната маса. **3)** На 20 март 2024

година се одржа првото отворено предавање за студенти на тема: „Што ни носи иднината на демократијата? Дилеми и предизвици - Воведување на задолжително гласање и стекнување на избирачко право со 16 години", на кое предавач беше проф. д-р Марко Кртолица. **4)** На 11 декември 2024 година се одржа второто предавање за студенти, посветено на политичката култура и улогата на младите во нашата држава. Проф. д-р Ненад Марковиќ, во интерактивен разговор со студентите, детално ги разгледа концептите на „политика" и „моќ", разоткривајќи како овие динамики влијаат на активната (не)вклученост на младите во заедницата.

***Центар за правна клиничка едукација – Центар за климатска акција и одржлив развој***

Центарот за правна клиничка едукација – Центар за климатска акција и одржлив развој во рамки на својата работа спроведува истражувачки активности во областа на климатската акција и одржливиот развој во соработка со домашни и меѓународни партнери, како и активности за стекнување и пренесување знаења и практични вештини од областа на меѓународните и европските стандарди и правила во областа на заштитата на животната средина, климатската акција и промоцијата на целите за одржлив развој на ООН, особено преку клиничка едукација. Во рамки на истражувачките активности, проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска и проф. д-р Љупчо Стојковски објавија труд во 46-от број на меѓународното научно списание - Современа Македонска Одбрана под наслов "Climate change as a security issue in the Western Balkans". Исто така, во рамки на Центарот, а во соработка со Здружението на граѓани Флорозон - Центар за еколошка демократија од Скопје, во рамки на проектот - "Integration of Environmental Justice in High Education", кој е дел од поширокатa програма - UNDP's Global Programme on Strengthening the Rule of Law, Human Rights, Justice, and Security for Sustainable Peace and Development, проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска и проф. д-р Љупчо Стојковски изработија компаративна студија на тема „Интеграција на еколошката правда во курикулумите на високото образование - компаративна анализа". Студијата дава приказ на интеграцијата на еколошкото право и еколошката правда во високото образование на државите од регионот. Анализиран е пристапот на овие факултети кон еколошкото право и еколошката правда и нивното инкорпорирање во курикулумот, како и структурата на предметите и понудената литература. Во рамки на истиот проект – „Integration of Environmental Justice in High Education", проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска, проф. д-р Љупчо Стојковски и проф. д-р Драган Гоцевски работеа на програма за менторирање на студенти во изработка на научно-истражувачки трудови на теми од областа на климатската акција и еколошката правда. Во рамки на програмата за менторирање беа изработени и објавени следните трудови: 1) Ана Марија Наумовска со труд на тема: The Right to a Healthy Environment: Constitutional Approaches in the Balkans. 2) Никола Донев со труд на тема: Constitutionalizing climate action. 3) Миа Младеновска со труд на тема: Environmental Justice and Accountability: The Case for an Environmental Ombudsman. 4) Делина Хајрадиновиќ со труд на тема: The Role of Education and Civil Society on Climate Action. 5) Јован Василевски со труд на тема: The Importance of Emission Trading Schemes as Innovative Legal Solutions to Combat Air Pollution in Urban Areas. Објавените трудови на студентите, заедно со објавената студија - „Интеграција на еколошката правда во курикулумите на високото образование - компаративна анализа" беа презентирани на настан организиран на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на 10.12.2024 година. Целта на настанот беше одбележување на Меѓународниот ден на човековите права преку овозможување на платформа за дискусија за значењето на еколошките права како дел од човековите права, и потребата од нивна промоција, заштита и унапредување за одржлива иднина.

***Центар за иновации во медиумите***

На 8 октомври 2024 година свечено се отвори Медиумско-иновативниот центар во рамките на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (УКИМ). Студентите по новинарство за прв во историјата на постоењето на овие студии добија комплетно опремен простор за продукција на сите видови медиумски продукти. Центарот располага со професионално студио во кое студентите по новинарство преку практична работа ќе стекнуваат професионални вештини за медиумската индустрија и новинарството. Медиумско-иновативниот центар е резултат на заеднички проект помеѓу Правниот факултет при УКИМ и Факултетот за новинарство, медиуми и комуникации – Волтер Кронкајт при Аризона државниот универзитет и е поддржан од Американската амбасада во Скопје. Отворањето на студиото го поздравија: проф. д-р Сашо Георгиевски, г-ѓа Анцела Агелер, Амбасадорка на САД во Република Северна Македонија, проф. д-р Биљана Ангелова, Ректорка на УКИМ, проф. д-р Доан Гилпин, професорка на Аризона државниот универзитет, проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, раководителка на Медиумско-иновативниот центар. На 9.10.2024 година проф. Down Gilpin, PhD од Факултетот за новинарство и мас комуникации – Волтер Кронкајт при

Аризона државниот универзитет, во Медиумско-иновативниот центар во рамките на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ на Правниот факултет одржа две предавања. Првото предавање беше на тема: „Медиуми, наративи, технологија и демократија“, а второто предавање беше на тема: „Наставните планови и организација на студиите по новинарство и односи со јавност на Факултетот за новинарство и мас комуникации – Волтер Кронкајт при Аризона државниот универзитет“. На 21.10.2024 година се одржа работилница под наслов „Медиумите и известувањето и истражувањето на теми од правосудството“. На 28.11.2024 година во рамките на платформата „Школа за новинари“ на Прокредит банка, група студенти во Медумско-иновативниоот центар на Правниот факултет при УКИМ во Скопје учествуваа на работилница под наслов „Предизвици на истражувачкото новинарство во пишани медиуми во РСМ“ со можност да се сретнат со новинарката и главна уредничка на неделникот „Фокус“, Ирена Мулачка. На 10.12.2024 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје беше подготвен видео прилог кој ја документираше свечената седница по повод Меѓународниот ден на човековите права. Со ова, студиото продолжува да игра важна улога во поддршката и промоцијата на активностите на Факултетот. На 4.12.2024 година беше одржано предавање во Медумско-иновативниот центар на Правниот факултет при УКИМ во рамките на предметот Теории на односи со јавност. Предавањето го одржа проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ На 12.12.2024 година се одржа работилница во Медумско-иновативниоот центар на Правниот факултет при УКИМ во Скопје во рамки на проектот „Поттикнување на етички пристап во известувањето кај потенцијални млади новинари“, што СЕММ го реализира како грантист на „Тренинг - академија за новинари и медиумски работници – Т-АЈМ„ (Training Academia of Journalitst and Media Workers T-AJM), со код на проектот ИПАШ/2022/441-824, реализиран од Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), Европската Федерација на новинари (EFJ) и Иницијативата за Европска перспектива (IEP), поддржан со средства од Европската Унија. Студентите се запознаа со постоењето и потребата да се почитува Кодексот на новинарите на Македонија, за одговорното новинарство како еден од столбовите на демократскиот развој на општеството, за можноста да се поднесе жалба доколку некој медиум ги прекршува „правилата на игра“, за штетата од говорот на омраза и воопшто за потребата од поголема медиумска писменост на населението.

- **Самоевалуација**

Самоевалуацијата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, беше спроведена од страна на Комисијата за самоевалуација: проф. д-р Тина Пржеска (претседател), проф. д-р Иван Дамјановски (член), проф. д-р Јован Зафироски (член), проф. д-р Бобан Мисоски (член), проф. д-р Вангел Доковски (член), Ивона Тодорова (студент) и Лука Стојаноски (студент).

Преку спроведените активности на Комисијата се прибираа потребните податоци за исполнетост на стандардите за оцена на квалитетот на високообразовната дејност на Факултетот. Податоците беа обработени и претставени во бараната форма на претходно утврдени обрасци доставени до Комисијата за самоевалуација. Врз основа на прибраните и обработени податоци Комисијата изготви Извештај за самоевалуација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за учебната 2023/24 година кој беше усвоен на седницата на Наставно-научниот совет одржана на 8 јули 2024 година. Во периодот септември - октомври 2024 година Комисијата изврши измена и дополнување на Извештајот за самоевалуација кој беше усвоен на седницата на Наставно-научниот совет одржана на 04.11.2024 година.

- **Наука на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје**

***Тековни активности***

Во извештајниот период беа дистрибуирани повеќе повици за стипендии, специјализации и конференции преку web страницата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, преку електронска пошта, а користени се и профилите на Факултетот на социјалните мрежи: Facebook (9368 следачи, 8.8 илјади реакции, 24151 прегледи) Instagram (971 следачи), LinkedIn (755 активни следачи, 143 прегледи на профил, 63255 реакции, 10975 членови на Линкедин реагирале). Во 2024 година беше реактивиран платен пристап до базата на податоци HEINONLINE за International Core пакетот и со примена на пристапот преку факултетската мрежа. Од страна на УКИМ обезбеден беше пробен двомесечен пристап до збирката е-книги во издание на Cambridge University Press (CUP) и нивните издавачки партнери (како Bristol University Press, Edinburgh University Press, Amsterdam University Press и сл). Пристапот беше обезбеден за сите вработени и студенти при УКИМ. Збирката вклучува околу 50.000 книги од сите научни области и дисциплини. Траењето на пристапот беше до 21.06.2024 година. Во 2024 година беше испратена една пријава на Конкурсот за најдобар научник/уметник на УКИМ од проф. д-р Александар Стојков кој беше избран за најдобар научник и на 11.11.2024 година му е доделена наградата за најдобар научник за подрачјето на општествените науки за 2023 година.

***Меѓународна годишна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје “Challenges of Legal Systems“***

Традиционалната годишна конференција се одржа на 8.11.2024 година, со вкупно 66 учесници од земјата и од странство. За тема на Конференцијата утврден е насловот “Challenges of Legal Systems“. Клучни излагачи на пленарната сесија беа Koen Lenaerts, President of the Court of Justice of the European Union (video address) и Dr. Adam Lazowski, Professor of EU Law, Westminster Law School, University of Westminster, UK and Visiting Professor and Scientific Coordinator of the ENP Chair, College of Europe (Natolin). Посебни секции на конференцијата беа: “The Future of Balkan Studies and the Southeastern Europe Journal“ и “Constitutional Court – Legal Counseling on Contemporary Topics “Decisions by the Constitutional Court vis - a - vis Decisions by Regular Judiciary“.

***Меѓународна конференција “Technology Transfer and Investment Law“ – партнерско учество на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје***

На 21 октомври 2024 година, се одржа Меѓународна online конференција на тема “Techologu transfer and investment law“. На Конференцијата, од страна на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, УКИМ, учествуваа: проф. д-р Тони Дескоски и проф. д-р Вангел Доковски. На покана на претседателот на меѓународниот уредувачки одбор, проф. д-р Золтан Виг, во организација на конференцијата, евалуација на апстрактите и трудовите, од Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, УКИМ, вклучени беа проф. д-р Вангел Доковски и проф. д-р Марко Кртолица.

- **Меѓународна соработка на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје**

Во рамки на извештајниот период беа спроведени редовни активности од областа на меѓународната соработка.

***Конференции, Дебати, Настани***

Во рамки на извештајниот период беа спроведени редовни активности од областа на меѓународната соработка. На Правниот факултет во извештајниот период одржани се 43 настани: посета на амбасадори, трибини и обуки, гостувања на реномирани странски професори и други истакнати гости, со предавање или други форми на обраќање кон професорите и/или студентите, вклучително и повеќе предавања на странски и домашни предавачи.

***Меѓународни договори, Меморандуми за соработка***

Во текот на извештајниот период, беа потпишани осум нови меморандуми за соработка. Два се билатерални-меѓународни со Волтер Кронкајт школото за новинарство и масовни комуникации при Државниот универзитет во Аризона и со Правниот факултет при Универзитетот во Ријека, а шест се со домашни институции (додадени кон повеќе од 40-ната претходно склучени меморандуми), и тоа, со: Управата за Финансиска полиција, Финансиско друштво ФИНМАК ДОО Скопје, Уставен суд на РСМ, Еколошко здружение на граѓани ФРОНТ 21/42, Врховниот суд на РСМ и со Секретаријатот за законодавство на Владата на РСМ.

***Мобилност***

Во извештајниот период беа објавени повици за мобилност преку програмата Еразмус за студенти и наставен кадар и тоа: **1)** Визитинг професор, д-р Ен Донохју (Anne Donohue) емеритус професор по новинарство на Универзитетот во Бостон (Boston University), за ангажман на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје успешно го заврши својот престој, во летниот семестар во учебната 2023/2024 година. **2)** Преку Фулбрајт програмата на Амбасадата на САД, истражувачки престој на Правниот факултет започнаа двајца истражувачи: Jenifer Sorrels и David Siegel професор по казнено право и директор на Центарот за право и општествена одговорност во Бостон. **3)** Подржан од Меѓународниот фонд Вишеград, 5 месечен истражувачки престој на Правниот факултет оствари Ferenc Németh, докторанд на Корвинус Универзитетот во Будимпешта.

***Erasmus +***

Во извештајниот период, во рамки на програмата ERAZMUS+, од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, реализирани се два конкурси. На конкурсот за студентска мобилност, пристигна вкупно 4 пријави на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. По нивното разгледување истите се прифатени и следните студентки летниот семестар во учебна 2023/2024 година го поминаа на партнерските универзитети и тоа: Ана Станчевска (Универзитет во Павиа), Цонка Тасева (Универзитет во Павиа) и Јана Стојановска (Универзитет во Ријека). Исто така, асс. м-р Теа Мицевска реализираше Еразмус+ мобилност на Универзитетот во Марибор.На конкурсот за академска мобилност, пристигна две пријави од стана на проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска и проф. д-р Јован Зафировски. Во периодот помеѓу 15 февруари до 30 јуни 2024 година, студентката Каја Лебан од Универзитетот во

Љубљана оствари студентска размена преку програмата Еразмус+. За време на летниот семестар во учебната 2023/2024 година, студентката посетуваше настава и полагаше испити на вториот циклус студии по меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на ЕУ. Во периодот 14-18.10.2024 година, преку Erasmus Staff Training Mobility, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, УКИМ, престој оствари ја професорите: Gabriel Eštok, Peter Dubóczi и Tomáš Dvorský од Department of Political Science, Faculty of Arts, Pavol Jozef Safarik University in Kosice, Slovakia. Во периодот 04-08.11.2024 година, преку Erasmus Staff Teaching Mobility, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, УКИМ, престој оствари проф. д-р Биљана Чинчурак Ерцег од Правниот факултет при Универзитетот во Осијек.

Преку електронската платформа, склучени и обновени се Еразмус+ договори со Универзитетот во Гренада, Шпанија, Универзитетот во Белград, Универзитетот Дизбург-Есен, Германија, Универзитетот во Љубљана, Словенија, Univerzita Pavla Jozefa Safarika v Kosiciach, Uniwersytet w Bialymstoku, Полска, Nicolae Titulescu University of Bucharest, Универзитетот во Осиек, Хрватска, Универзитето во Риека, Хрватска, Nova Univerza, European Faculty of Law, Словенија и Zapadoceska Univerzita v Plzni Fakulta Filozofická, Чешка.

- **Учество на студенти на меѓународни натпревари**

***Натпревар по меѓународно право „Moot Court competition Philip Jessup", Вашингтон, САД***

Студентската екипа од Правниот факултет „Јустинијан Први" во состав: Едона Асани, Миа Младеновска, Ана Марија Наумовска, Јован Василевски и Ванчо Димовски, а подготвувани од проф.д-р Сашо Георгиевски, проф.д-р Љупчо Стојковски и м-р Миа Георгиевска се натпреваруваше на меѓународниот натпревар по меѓународно право Philip C. Jessup и за прв пат во својата историја напредувајќи во напредните, елиминациони рунди на натпреварот, го освои 45-то место во светот на конечното рангирање во конкуренција од екипи од целиот свет, својот најдобар пласман досега. Оваа година, пријателските подготвителни натпревари се одржуваа во период од 28 февруари до 3 март 2024 година во Братислава, Словачка, а Правниот факултет заврши на првото место во прелиминарните рунди (четири победи и ниту еден пораз), губејќи во елиминационите рунди од Charles University од Чешка, кој беше и победник на турнирот. На ова натпреварување двајца од студентите на Правниот факултет завршија во „Топ 10 најдобри говорници“ на натпреварот, и тоа Едона Асани (2-ро место) и Миа Младеновска (3-то место). Финалното натпреварување се одржа во Вашингтон, Д.Ц., САД, од 30 март до 6 април 2024 година. Тимот во конечното рангирање го освои 45-тото место, најдобар пласман досега на завршните рунди во Вашингтон, пласирајќи се пред бројни реноминарани универзитети.

***Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot***

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со свој тим на студенти по 17-ти пат учествуваше на најголемиот натпревар во светот во областа на меѓународната трговска арбитража. Натпреварот се одржа во Виена, Австрија. Тимот го сочинуваа студентите на вториот циклус правни студии Бојан Стоилков, Стефани Младеновска и Ања Спасиќ, под менторство на проф. д-р Тони Дескоски и проф. д-р Вангел Доковски. Во текот на подготовките, тимот учествуваше на подготвителни натпревари во Дизелдорф, Подгорица и Белград. Во Виена, тимот имаше вкупно 4 настапи во генералните рунди.

***Ceepus Networks***

Работата на CEEPUS – мрежата за биоетика и соодветно на Правниот факултет „Јустинијан Први“ како партнер факултет од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, оваа година вклучуваше реализација на мобилност на наставен кадар, како и повеќе онлајн состаноци за координирање на активностите и повторната апликација за продолжување на проектот во следните години и планирање на заеднички студии на трет циклус. Во рамките на мобилноста на наставен кадар, проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова и проф. д-р Александар Љ. Спасов престојуваа како гости професори на Институтот за морална теологија при Универзитетот во Грац, Австрија во периодот 7-12 април 2024 година. Програмата за престојот беше поделена во три дела. Првиот дел се состоеше од средба со носителот на програмата во рамките на Институтот, проф. д-р Ралф Лутц. Вториот дел од програмата се состоеше од предавања за студентите на вториот циклус на студии (мастер студии) за студентите на Институтот, но и за студенти од други факултети кои посетуваат изборни предмети чиј што носител е Институтот. Во рамките на овој дел професорите од Правниот факултет одржаа две предавања. Првото предавање беше со наслов „Биоетика и медицинско законодавство во Република Северна Македонија“. Второто предавање беше, исто така, наменето за студентите на вториот циклус на студии на Институтот, но и за студенти на втор циклус од други факултети (Медицински факултет, Правен факултет, Економски факултет) со наслов „Право и етика - етика на правната професија“. Третиот дел од програмата беше

мини научна конференција односно академска научна размена на која професорите од Правниот факултет настапија со презентација со наслов „Право на достоинствена смрт-етички и правни дилеми и правната практика на Европскиот суд за човековите права". Во својство на координатор на мрежата за Биоетика на Правниот факултет во Скопје и предавач на мобилност на наставен кадар учествуваше и проф. д-р Елена Игновска. Во периодот од 29.4.2024 година до 3.5.2024 година, проф. д-р Елена Игновска одржа повеќе предавања на Универзитетот во Виена, Австрија во соработка со проф. д-р Сигрид Мулер како домаќин. Студентите кои присуствуваа на часовите беа од различни факултети, а предавањата беа интердисциплинарни, по кои следуваа активни дискусии за етички и правно сензитивни теми во пресекот на конфликтните права на засегнатите страни. Во врска со идните активности на Факултетот во рамки на мрежата, беа испланирани мобилности на наставен кадар и студенти за следната година и тоа: проф. д-р Денис Прешова и проф. д-р Елена Игновска на Правниот факултет на Универзитетотот Масарик во Брно, Чешка, како и раководителот на CEEPUS мрежата – проф. д-р Јарослав Бенак и докторант од истиот факултет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Дополнително, докторантката Ефимија Зајкова од Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје доби можност за мобилност во период од еден месец на Факултетот за Католичка теологија на Универзитетот во Виена, Австрија.

***SEELS***

Во рамките на мрежата на правни факултети на Југоисточна Европа реализиран е еден проект, објавен еден двоброј на SEE Law Journal и успешно е аплицирано на еден проект. Во рамките на проектот Preparing for EU Accession: The Future of the Western Balkan организирана е една работилница за наставниот кадар од областа, а за студентите се организираше летна школа со различни теми од областа на ЕУ интеграциите. Исто така се подготви проектна документација и се аплицираше за фондови за проект HARTech – Human Rights and Technology: Bridging the Gap with AI- Applications. Активностите во рамките на проектот вклучуваат конференција за истражувачки кадар за различните аспекти на Вештачката интелигенција, серија онлајн предавања за сите студенти од факултетите на SEELS, како и летна школа за студенти. Објавен е двоброј на SEE Law Journal (декември 2024 година).

- **Проектни активности**

***Меѓународни проекти***

Проектот INVIGORATEU започна со имплементација на почетокот на 2024 година, согласно планираниот календар. Во рамки на предвидените активности беа спроведени истражувања од страна на истражувачкиот тим во неколку работни групи, подготовка на квантативни и квалитативни извештаи, подготовка на драфт студии на случај, подготовка на материјали за спроведување на интервјуа и друго. Во текот на 2024 година, тимот учествуваше за сите активности кои беа организирани и спроведени во рамки на Конзорциумот или посебно во работните групи. Тимот зема учество на Генералното собрание на конзорциумот и на kick off конференцијата на проектот во Тбилиси, Грузија. Во декември 2024 година започна проектот „Меѓународна програма за мобилност - Проценка на влијанието на уставни кризи и безбедност", кој ќе трае до март 2026 година. Основните компоненти на проектот се мобилност на студенти и кадар, а воедно и една компонента посветена на обука и доусовршување. Во рамките на Конзорциумот, предводен од четири универзитети од Италија, се вкупно 16 универзитети, и тоа осум од Израел и осум од регионот на Западен Балкан.

- **Настани, свечености и промотивни активности на Факултетот**

***Прв академски час***

На 1 октомври 2024 година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на платото на кампусот општествени факултети организираше прв академски час со кој свечено се отвори новата учебна 2024/2025 година. На првиот академски час се обратија Ректорката на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – проф.д-р Биљана Ангелова, претседателот на Универзитетското студентско собрание-УКИМ Александар Николовски, Претседателот на Владата на Република Северна Македонија проф.д-р Христијан Мицкоски, како и Претседателката на Република Северна Македонија Н.Е. проф.д-р Гордана Сиљановска Давкова. По завршувањето на централната свеченост, Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје организираше свечен прием на новозапишаните студенти во просториите на Факултетот. Деканот на Правниот факултет, проф. д-р Сашо Георгиевски им посака срдечно добредојде на бруцошите, а продеканите им ги врачија индексите.

***XXVII Ораторска вечер „Иво Пухан"***

Катедрата по римско право, на состанокот одржан на 24.10.2024 година до Деканот на Правниот факултет достави предлог за формирање на Организационен одбор за дваесет и седмата Ораторска вечер „Иво Пухан", со што и формално започнаа активностите за нејзина реализација. После објавувањето на

јавниот оглас, за учество се пријавија 25 студенти од повеќе единици на УКИМ. На првиот состанок на студентите им беа доделени ментори, професорите од Катедрата по римско право, по што започнаа индивидуалните тренинзи. Откако беа составени конечните говори, подготовките ги продолжи актерот, м-р Дејан Лилиќ, долгогодишен соработник на Ораторската вечер. Полуфиналето се одржа на 21.11.2024 година во 14 часот. Избрани беа десетмина финалисти кои продолжија со интензивни подготовки со професорите и актерот. Финалето се одржа на 2.12.2024 година во 19 часот во Свечениот амфитеатар на Правниот факултет, оваа година под покровителство на Претседателката на Република Северна Македонија Н.Е. проф.д-р Гордана Сиљановска Давкова. Присутните имаа можност да ги слушнат финалистите: Иван Јангелов, Сара Костуранова, Софија Бислимоски, Ангела Кекеновска, Драган Ѓуровски, Теа Димковска, Милица Давчева, Ведрана Петрова, Мерсине Даминова и Лина Рангелова. Првата награда како и специјалната награда „Бранко Ѓорчев“ ѝ припадна на Софија Бислимоски за говорот „Во штиклите на македонската жена“, втората награда ѝ припадна на Теа Димковска за говорот „Перспективата на младиот човек во Македонија“, додека третата ѝ припадна на Милица Давчева која настапи со говорот „Македонскиот работник“. Фондот за наградите го обезбеди А.Д. Државна лотарија на Македонија, за што членовите на Катедрата по римско право изразуваат посебна благодарност. Пригодни награди за сите учесници додели и адвокатската канцеларија Анита Бегова.

***Одбележување на годишнината од основањето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје***

Одбележувањето на 73 години од основањето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се одржа на 8.11.2024 година, со свечени обраќања на: проф. д-р Сашо Георгиевски, декан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје; Данило Крстовски, претседател на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“; проф. д-р Биљана Ангелова, ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и проф. д-р Гордана Сиљановска Давкова, Претседател на Република Северна Македонија. На свеченоста беа доделени и плакети и благодарници.

***Свечена седница на ННС по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на човековите права***

Свечена седница на Наставно-научниот совет по повод одбележување на 10 Декември, Меѓународниот ден за човековите права се одржа на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје на 10 декември 2024 година во Амфитеатар 1. Седницата ја отвори проф. д-р Сашо Георгиевски, декан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, а свои обраќања имаа: Александар Чаѓеновиќ, Офицер за заштита, Канцеларија на Високиот комесар за Бегалци на Обединетите нации во Северна Македонија и проф. д-р Елена Михајлова Стратилати, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје. Говор одржа и Софија Бислимоски, победникот на Ораторска вечер „Иво Пухан“.

- **Издаваштво**

***Монографии, Зборници и Годишници***

Во извештајниот период беа објавени следниве публикации: **1)** Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Светомир Шкариќ, Скопје, 2024, Том 62, печатено издание, издавач: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, главен и одговорен уредник на Годишникот: проф. д-р Гордана Сиљановска Давкова; **2)** Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Димитар Бајалџиев, Скопје, 2022, Том 60, печатено издание, издавач: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, главен уредник: проф.д-р Александар Љ. Спасов; **3)** Работен однос и нестандардни форми на работа, монографија, печатено издание, издавач: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, автор: проф. д-р Александар Ристовски; **4)** Финансово право, учебник, печатено издание, издавач: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, автори: проф. д-р Александра Максимовска Стојкова, проф. д-р Јован Зафироски, проф. д-р Елена Нешовска Ќосева.

***Библиотека***

Библиотеката на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје извршуваше планирани и тековни задачи согласно Правилникот за работа на Библиотеката.

***Електронско списание Iustinianus Primus Law Review***

Електронското списание *Iustinianus Primus Law Review* е основано на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2010 година (http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/). Од неговиот почеток до денес, објавува со динамика на два броја годишно. Во текот на академската 2024/2025 година списанието излезе со три нови броеви, со можност за пребарување на списанието во датотеките на библиотеката EBSCO и Heinonline. Постапката на

евалуација на списанието од научноистражувачката платформа на SCOPUS и Web of Science е сè уште во тек. Списанието ја задржа веќе воспоставената добра традиција да објавува квалитетни трудови, рецензирани од анонимни рецензенти и има меѓународен уредувачки одбор, како и публика.

- **Нови вработувања на Факултетот**

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на 23.05.2024 година, на 08.08.2024 година и на 09.10.2024 година поднесе барања за вработување на лица во Стручната и административна служба и помошно-технички лица на Факултетот согласно Годишниот план за вработување на ненаставен кадар за 2024 година, за кој е добиена согласност од МОН и позитивно мислење од МИОА и тоа за работни места: советник за јавни набавки, советник за човечки ресурси, соработник за магистерски и докторски студии и хигиеничарка (4 извршители), но по барањата за вработување на ненаставен кадар од Правниот факултет, од страна на надлежните министерства на 23.12.2024 година е одговорено негативно.

На 27.12.2024 година Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје поднесе барање за вработување на лица во Стручната и административна служба и помошно-технички лица на Факултетот согласно Годишниот план за вработување на ненаставен кадар за 2025 година, за кој е добиена согласност од МОН и позитивно мислење од МЈА и тоа за работни места: советник за јавни набавки, советник за човечки ресурси, соработник за магистерски и докторски студии, соработник за студентски прашања, соработник за деловно работење, самостоен референт библиотекар, чувар и хигиеничарка (4 извршители). Во барањето е побарана согласност за пополнување на работни места преку мобилност (преземање од друга институција) за работно место: хаусмајстор; беше побарана и согласност за пополнување на работни места преку унапредување за работни места: раководител на Библиотека, советник за студентски прашања, самостоен референт за магацинско работење и курир, а беше побарана и согласност за пополнување на работни места преку распоредување во институцијата на исто ниво (хоризонтална мобилност) за работно место: советник за библиотечно работење. До моментот на изработка на овој Извештај, од надлежните министерства не е добиен одговор на доставеното барање.

- **Студентски избори на Факултетот**

На Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во 2024 година се одржаа два изборни процеси во кои гласаа студентите, претседателски и избори за членови на Факултетското студентско собрание, кои се одржаа во мај, односно декември 2024 година.

Со одлука на Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје бр. 03-498/1 беа распишани изборите за претседател на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, предвидени да се одржат на 15.05.2024 година во аулата на Факултетот, во период од 8,30-16,30 часот. За претседател е избран едиствениот кандидат Данило Крстовски со освоени 50 гласови.

Со одлука на Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје бр. 03-1218/1 беа распишани избори за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, предвидени да се одржат на 17.12.2024 година во аулата на Факултетот, во период од 8,30-16,30 часот. Изборната комисија констатираше избор на вкупно 23 членови. Од прв циклус, прва година, избрани се: Александар Бојчовски, Ангел Спасов, Ања Симоноска, Зорина Савеска, Јана Хубрева, Климент Колоски, Сергеј Пуриќ и Филип Тренкоски. Од прв циклус, втора година, избрани се: Ангела Кекеновска, Анисија Угриновска, Ѓорѓи Шопоски, Емилија Петровска, Ива Павлова, Ивона Тодорова и Иларија Димулкова. Од прв циклус, трета година, избрани се: Бојана Бурческа, Стефана Мартиновска, Стефанија Милеска и Филип Петровски. Од втор циклус на студии, избрани се: Ѓорѓи Хаџи-Василев, Здравко Димитров, Магдалена Петровска и Теа Димковска.

- **Наставно-научен совет**

Во периодот од 01.03.2024 година до 28.02.2025 година одржани се 11 редовни седници (од 1-ва редовна седница одржана на 02.04.2024 година до 11-та редовна седница одржана на 25.02.2025 година), 7 вонредни седници одржани на 08.07.2024 година, 10.09.2024 година, 12.11.2024 година, 19.11.2024 година, 28.11.2024 година, 05.02.2025 година и на 17.02.2025 година и Свечена седница на ННС одржана на 10.12.2024 година. На седниците на Наставно-научниот совет во овој период на дневен ред беа поставени вкупно 225 точки /557 потточки/.

- **Деканатска управа**

Во текот на извештајниот период од 01.03.2024 година до 28.02.2025 година одржани се 11 редовни седници на Деканатската управа (од 1-ва седница одржана на 01.04.2024 година до 11-та седница одржана на 25.02.2025 година) и 6 вонредни седници одржани на 12.04.2024 година, 10.09.2024

година, 19.11.2024 година, 28.11.2024 година, 05.02.2025 година и на 17.02.2025 година. На дневен ред беа поставени 122 точки /6 потточки/.

- **Спроведени постапки за јавни набавки**

Согласно Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/2021) Комисијата за јавни набавки на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во состав: проф. д-р Димитар Гелев - претседател, проф. д-р Милка Ракочевиќ – член, проф. д-р Александар Климовски – член (замена проф. Илија Руменов – член од август 2024 година), во текот на 2024 година за потребите на Факултетот спроведе 25 постапки: 12 набавки од мала вредност (2 поништени постапки согласно член 114 став 1, алинеја 2 од ЗЈН бидејќи не беше поднесена ниту една прифатлива понуда), 9 набавки со поедноставена отворена постапка и 4 набавки на посебни услуги.

- **Информации од јавен карактер**

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на РСМ" бр. 101/2019) Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во периодот од 01.03.2024 година до 30.01.2025 година има примено и одговорено на 4 (четири) барања по овој основ и 1 (еден) одговор по жалба.

## ЗАКЛУЧОК

Во периодот од 01.03.2024 година до 28.02.2025 година, опфатен со овој Извештај, на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје беа преземени низа мерки и активности со кои, особено, се овозможи: **а)** натамошна финансиска стабилност на Факултетот (со редовност во плаќањата), **б)** одржување на трендот од последните две години на стабилизирање на бројот на запишани студенти; **в)** натамошно унапредување на процесот на администрирање на студиите преку Службата за студентски прашања на Факултетот; **г)** спроведување на постапката по елаборатите за повторна акредитација на постојните и акредитација на нови (реформирани) студиски програми на првиот, вториот и третиот циклус на студии на Факултетот пред надлежните тела; **д)** натамошно интензивирање на меѓународната, научната и конференциска активност на Факултетот; **ѓ)** поддршка на Центарот за кариера на студентите; **е)** формирање на Центри за правна клиничка едукација за реализација на проектни активности преку истите; и **ж)** подобрување на факултетската инфраструктура.

Со оглед на тековните и претстојни задачи, во наредната година, факултетските активности, во континуитет, би требало да бидат насочени, особено, кон: **а)** натамошно одржување на финансиската стабилност на Факултетот (со пренесување на потребно салдо во наредната година); **б)** натамошно унапредување на процесот на администрирање на студиите преку службите на Факултетот; **в)** натамошно збогатување на меѓународната и научната соработка на Факултетот, вклучително преку стимулирање на поинтензивна меѓународна конференциска, проектна и друга активност; стимулирање на поголема проектна активност на Факултетот; **г)** стимулирање на студентската и академска мобилност (од и кон Факултетот) во рамки на постојните програми; **д)** поддршка на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и на останатите центри на Факултетот; **ѓ)** одржување на одличната соработка со Факултетското студентско собрание и другите студентски тела, вклучително во рамки на Центарот за правна клиничка едукација по студентска дебата основан во партнерство со ФСС; **е)** продолжување со активностите во рамки на проектот „Empowering Future Journalists: Advancing Media Education and Fostering Innovation in North Macedonia" (во партнерство со Walter Cronkite School of Journalism при Државниот Универзитет Аризона), како и во другите проектни активности на Факултетот; **ж)** натамошно унапредување на факултетската инфраструктура, особено, преку продолжување на санацијата на сè уште несанираниот дел од кровната покривка на Факултетот (во обем зависен од екстерно доделените средства).

Д Е К А Н

Проф. д-р Сашо Георгиевски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Правен факултет „Јустинијан Први" Република Северна Македонија СКОПЈЕ